РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
БР. 18-4727/3
20.08.2025
КРИВА ПАЛАНКА

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** Ф 8.5/3-3

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), член 8 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 60/20), член 88 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/15) решавајќи по барање бр. 18-4727/1, 13.08.2025г. од Здружение на граѓани , Реактор – Истражување во акција, Кире Василев, бул. Партизански одреди 18/1-1,1000 Скопје, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

Со ова решение се дава **ПОЗИТИВЕН ОДГОВОР**, се уважува барањето бр. 18-4727/1, 13.08.2025г. од Здружение на граѓани , Реактор – Истражување во акција, Кире Василев, бул. Партизански одреди 18/1-1,1000 Скопје .

Бараните информации му се доставуваат на барателот како прилог бр. 18-4727/2, 23.08.2025г. кон ова решение.

## ***О б р а з л о ж е н и е***

Од Министерството за Локална Самоуправа ни беше препратено барање на надлежност од барател, Здружение на граѓани , Реактор – Истражување во акција, Кире Василев, бул. Партизански одреди 18/1-1,1000 Скопје, наш бр. 18-4727/1, 13.08.2025г. за пристап до информации од јавен карактер согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019),.

Со барањето 18-4727/1, 13.08.2025г. барателот бара повеќе различни информации од јавен карактер и тоа:

1. Податоци за број на вработени во Општинската администрација, разделени по пол посебно за секоја единица за локална самоуправа (ЕЛС) за 2024 година?
2. Податоци за број на вработени во институциите основани од ЕЛС , разделени по пол, посебно за секоја ЕЛС за 2024 година?
3. Просечна бруто заработувачак од час по вработен , по пол и по единица на локална самоуправа (ЕЛС) за секој месец од 2024 година.
4. Назначени директори на институциите основани од ЕЛС, посебно за секоја ЕЛС за 2024 година (листа на имиња назначени од директорите, разделени по пол и назив на институцијата).

Информациите што се барат од страна на барателот се информации од јавен карактер Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), и ажурираната листата на информации од јавен карактер на Општина Крива Паланка.

**Доставувањето на бараните информации се врши со акт бр. 18-4727/2, 23.08.2025г. кој е прилог на решението.**

Врз основа на горе наведеното а во согласност со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информаците од јавен карактер согласно член 27 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019).

**Изготвил:**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер, Лидија Митовска**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр.18-4727/2
20.08.2025 год.
Крива Паланка

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

Ф 8.5/3-2

**До**
**Здружение на граѓани , Реактор**
**Истражување во акција,**
**Кире Василев,**
**бул. Партизански одреди 18/1-1,1000 Скопје**

**ПРЕДМЕТ: ДОСТАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**
**Врска , барање наш бр. 18-4727/1 од 13.08.2025г.**

Почитувани, постапувајќи по ваше Барање, препратено на надлежност од Министеството за Локална Самоуправа, наш бр. **18-4347/1 од 18.07.2025г.** примено по електронска пошта со кое барате повеќе различни информаци од јавен карактер и тоа:

1. Податоци за број на вработени во Општинската администрација, разделени по пол посебно за секоја единица за локална самоуправа (ЕЛС) за 2024 година?
2. Податоци за број на вработени во институциите основани од ЕЛС , разделени по пол, посебно за секоја ЕЛС за 2024 година?
3. Просечна бруто заработувачак од час по вработен , по пол и по единица на локална самоуправа (ЕЛС) за секој месец од 2024 година.
4. Назначени директори на институциите основани од ЕЛС, посебно за секоја ЕЛС за 2024 година (листа на имиња назначени од директорите, разделени по пол и назив на институцијата).

**Ви ги доставуваме информациите согласно точките од Барањето:**

- **Информација за точка 1 од барањето:**
  **Прилог 1- Табеларен приказ ( вкупен број на вработени разделени по пол и по звања)**

- **Информација за точка 2 од барањето:**
  Податоци за број на вработени во институциите основани од Општина Крива Паланк, разделени по пол, за 2024 година.

| | **Назив на институција/организација** | **Вработени** | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **жени** | **мажи** | **вкупно** |
| 1 | **СОУ ,,Ѓорче Петров,, Крива Паланка** | **55** | **25** | **80** |
| 2 | **ООУ ,,Св.Јоаким Крчовски,, Крива Паланка** | **90** | **35** | **125** |
| 3 | **ООУ ,,Илинден,, Крива Паланка** | **59** | **26** | **85** |
| 4 | **ОЈУДГ ,, Детелинка,, Крива Паланка** | **54** | **4** | **58** |
| 5 | **ОУД ,,Боро Менков,, криваПаланка** | **3** | **1** | **4** |
| 6 | **ЈП ,,Комуналец,, Крива Паланка** | **18** | **65** | **83** |
| 7 | **ЛУ ,,Градски Музеј,, Крива Паланка** | **3** | **3** | **6** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | ТППЕ Крива Паланка | 00 | 13 | 13 |
| | вкупно | 282 | 172 | 454 |

- **Информација за точка 3 од барањето:**
  Просечна бруто заработувачак од час по вработен , по пол и по единица на Општина Крива Паланка за секој месец од 2024 година.
  **Прилог 2 – Excel табела**

**Информација за точка 4од барањето:**
Назначени директори на институциите основани од ЕЛС, посебно за секоја ЕЛС за 2024 година (листа на имиња назначени од директорите, разделени по пол и назив на институцијата).

| | Назив на институција/организација | име на директор | пол |
|---|---|---|---|
| 1 | СОУ ,,Ѓорче Петров,, Крива Паланка | Елена Ѓорѓиевска | жена |
| 2 | ООУ ,,Св.Јоаким Крчовски,, Крива Паланка | Анета Стојковска | жена |
| 3 | ООУ ,,Илинден,, Крива Паланка | Лорета Димитровска | жена |
| 4 | ОЈУДГ ,, Детелинка,, Крива Паланка | Олгица Дејановска | жена |
| 5 | ОУД ,,Боро Менков,, криваПаланка | Сашко Цветковски | маж |
| 6 | ЈП ,,Комуналец,, Крива Паланка | Далибор Стојановиќ | маж |
| 7 | ЛУ ,,Градски Музеј,, Крива Паланка | Драган Величковски | маж |
| 8 | ТППЕ Крива Паланка | Командир Иле Коцевски | маж |

Со почит.

Место и датум : 20.08.2025г.
Крива Паланка

.......................................................................
Службено лице за посредување со информации
**Лидија Митовска**

.......................................................................
**Градоначалник на Општина Крива Паланка**
**Сашко Митовски**